**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-78/3**
**03.03.2025год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВЕН ПОВИК

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Детален урбанистички план за Блок 15.9, општина Гевгелија, плански период 2024-2029 година дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Јавна презентација и јавна анкета за Детален урбанистички план за Блок 15.9, општина Гевгелија, плански период 2024-2029 година**

Планскиот опфат на Детален урбанистички план за Блок 15.9, општина Гевгелија, плански период 2024-2029 година е со следниве граници:

- На северо-запад границата се протега по осовината на сервисна улица ул. „СЕ-6";
- На југо-исток границата се протега по осовината на границата се протега по осовината на сервисна улица ул. „СЕ-2";
- На исток границата се протега по осовината на станбена улица ул. „СТ-2";
- На југо-запад границата се протега по осовината на станбена улица ул. „СТ-3";

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **2,1 ha**.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во малата сала на Народниот театар во Гевгелија на ден 20.03.2025 година (четврток) со почеток во 11.00 часот.**

Деталниот урбанистички план ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при Општина Гевгелија и на веб страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk.

Јавната анкета ќе трае 30 дена и тоа од **20.03.2025г. до 20.04.2025г.**

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 212 137, ++389 34 217 868
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk